Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), а во врска со член 127 став 2 од Колективниот договор за култура („Службен весник на Република Северна Македонија бр.10/2020), директорот на Јавна установа Детски културен центар - Карпош на 12.08.2020 година донесе

***П Р А В И Л Н И К***

***за внатрешна организација на***

Јавна установа Детски културен центар „Карпош“ - Скопје

**I.Основни одредби**

***Член 1***

Со Правилникот за внатрешна организација на *Јавна установа* Детски културен центар „Карпош“ – Скопје се утврдуваат видот и бројот на службите и одделенијата и нивниот делокруг на работа, при што составен дел е графичкиот приказ на установата (органограм).

***Член 2***

Со установата и службите раководи директорот на *Јавна установа* Детски културен центар „Карпош“ – Скопје.

***Член 3***

Согласно член 13 став 1 од Статутот на *Јавна установа* Детски културен центар „Карпош“ - Скопје **,** постојат следните облици на организација:

- Административна служба,
- Стручна служба и
- Помошно техничка служба.

***Член 4***

Во административната служба се извршуваат следниве работи:

Административно - материјално-финансиски работи, каде се предвидени 2 работни места и тоа 1 виш соработник книговодител и 1 соработник за материјално финансиско работење.

***Член 5***

Во стручната служба се наоѓаат одделението за програма, музичко одделение, хуманитарно одделение и одделение за спорт, а се извршуваат следниве работи:

Во одделението за програма:

- организирање на сите манифестации во Центарот и надвор од него согласно годишната програма, во кое се предвидени 2 работни места и тоа 1 програмски раководител и 1 друг стручен соработник во културата.

Во Музичкото одделение :

- организација и соработка со музичките, основните училишта и културните центри согласно годишната програма, организација на работата на фолклорните ансамбли, забавен оркестар, хор, пејачка група и солисти, изведба на драмски куси дела, во кое се предвидени 2 работни места кореографи, 1 работно место стручен соработник за фолклорна и сценско уметничка дејност, 1 работно место стручен соработник за сценско музичка дејност, 1 работно место соработник за музичко сценска дејност, 1 работно место стручен соработник за драмска дејност,

Во Хуманитарното одделение:

- соработка со училишта, литературни клубови, културни центри, издавачки куќи, медиуми поврзани со внатрешни и надворешни манифестации каде се предвидени 2 работни места друг стручен соработник во културата, 1 работно место друг соработник во културата

Во Одделението за спорт:

- Ажурно организирање на спортските и рекреативните активности согласно годишниот план во Центарот, каде е предвидено 1 работно место друг стручен соработник во културата.

***Член 6***

Во Помошно техничката служба се предвидени 1 работно место (техничар за тон),1 работно место (домаќин), 2 работни места (хигиеничар) и 1 работно место (возач).

***Член 7***

Делокругот на работа на службите е во рамките на нивните одделенија , во остварувањето на основната дејност на даватели на јавни услуги, како дејност од јавен интерес со непрофитна цел, односно административна служба и помошно техничка служба, согласно Законот за културата и Законот за административни службеници.

**II. Преодни и завршни одредби**

***Член 8***

Овој Правилник може да се измени и дополни на начин и постапка како и при неговото донесување.

***Член 9***

Со влегувањето во сила на овој Правилник за внатрешна организација, престанува да важи Правилникот за организација на работните места на *Јавна установа* Детски културен центар „Карпош" - Скопје со број 04-29/1 од 26.01.2016 година.

***Член 10***

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и по усвојување од страна на Управниот одбор на Центарот.

Арх.бр.________
Скопје ______2020 година

Директор,
д-р Билјана Лалчевска Серафимовска

**ОРГАНОГРАМ НА ЈУ Детски културен центар „Карпош" Скопје**

